## Информација за Брзопотезен Турнир „11 Ноември – Куманово“

Се известуваат сите љубители на шахот дека на 09 ноември 2025 година (недела) ќе се одржи Брзопотезен турнир „11 Ноември – Куманово“, во просториите на СОУ „Перо Наков“ – Куманово, со почеток во 11:00 часот.

Организатори и покровители на турнирот се Сојуз за Спортови при Општина Куманово и Градскиот Шаховски Клуб Куманово.

Право на учество имаат сите шахисти со ФИДЕ код. Турнирот ќе се игра по Швајцарски систем во 11 кола, според правилата на ФИДЕ за забрзан шах (Блиц). Турнирот е пријавен и ќе се рејтингува во ФИДЕ.

Темпо на игра: 3 минути по играч со додаток од 2 секунди за секој потег (систем 3+2). Организаторот обезбедува шаховски комплети за сите учесници.

Распоред на турнирот:
- Пријавување на учесници: 10:00 – 10:30 часот
- Отворање на турнирот: 10:40 часот
- Почеток на натпреварите: 11:00 часот

Котизација: 300 денари. Од уплатата се ослободуваат играчите со меѓународни шаховски титули.

Пријавувањето се врши кај:
- IA Агим Шемшији – 078/333-081

најдоцна до 08.11.2025 година.

Списокот на пријавени учесници ќе биде објавен на веб-страницата:
https://chess-results.com

Награден фонд: 18.000 денари, распределен на 5 редовни и 3 специјални награди.

Редовни награди:
1. место – 5.000 денари + пехар
2. место – 4.000 денари
3. место – 3.000 денари
4. место – 2.000 денари
5. место – 1.000 денари

Специјални награди:

- Најдобар играч со рапид рејтинг до 1900 – 1.000 денари
- Најдобар играч со рапид рејтинг до 2100 – 1.000 денари
- Најдобар играч над 65 години – 1.000 денари

Наградите не се делат. При делба на место одлучува:
1. Бухолц (-1)
2. Бухолц
3. Поголем број победи
4. Прогрес

Играч може да освои само една награда – поголемата.

Организатор: Градски Шаховски Клуб Куманово и Сојуз за Спортови при Општина Куманово